Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 01.02.2021

На 31.01.2021 во 15.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир", полициски службеници ги лишиле од слобода Л.А.(46) и Н.А.(46), двајцата од Скопје, Л.Д.(22) од Кавадарци, Б.М.(21), С.М.(22) и Б.К.(24), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина". На 29.01.2021, при извршени проверки беа утврдени дека нивните ПЦР тестови не биле издадени од соодветна клиника. Одземени биле вкупно шест ПЦР тестови на нивно име, шест мобилни телефони, како и нивните лични исправи со потврда за привременo одземени предмети. Заедно со одземените предмети тие биле предадени во Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 31.01.2021 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, во координација со Одделот за специјални операции ги лишија од слобода А.С.(28) од с.Романовце, романовско, Д.Ц.(30) и Д.И.(29), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело недозволена трговија со дрога. При претрес во дом и други простории на А.С. во с.Романовце, извршен со судска наредба, биле пронајдени две торби со три големи полиетиленски пакувања, во кои има околу 15 килограми марихуана. На лице место биле затекнати Д.Ц. и Д.И. и по издадена судска наредба, извршени се претреси и во нивните домови. Од страна на СВР Куманово до ОЈО Куманово денеска ќе биде поднесена кривична пријава против две лица, поради постоење основи на сомнение дека го сториле кривичното дело предвидено и казниво по член 215 од Кривичниот законик.

На 31.01.2021 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека девет возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 42 останати прекршоци.

На 31.01.2021 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле откриени 48 прекршоци, од кои осум по акциската контрола и 40 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 31.02.2021 во 10.30 часот во СВР Тетово – ОВР Гостивар, М.М.(67) од Гостивар пријавил на ул.„Тоде Богдановски" бил каснат од куче скитник.

На 31.01.2021 на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол, при што се констатирани 10 прекршоци, од кои пет во Велес, еден во Кавадарци и четири во Неготино. Против овие лица ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 31.01.2021 во 17.10 часот било пријавено дека на регионалниот пат Кавадарци – Неготино, кај место викано „Антената" во Неготино, М.Н.(53) од Кавадарци, управувајќи мотоцикл „линкен", без регистарски ознаки, паднал. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Неготино. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 31.01.2021 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена сообраќајна акциска контрола за алкохол, во која вкупно биле откриени и законски санкционирани 5 возачи (ТЕ), кои ги управувале возилата под дејство на алкохол. Сите се исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и изготвени им се соодветни поднесоци. При контролата, исто така, откриени се и 15 други видови прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-10), кои се адекватно санкционирани.

На 31.01.2021 во 02.00 часот во Велес, на ул.„Шефки Сали", полициски службеници ја пронашле и ја вратиле кај родителите А.С.(16) од Велес, за која нејзиниот татко на 09.01.2021 пријавил дека се одделечила од домот.

На 31.01.2021 во СВР Битола било пријавено дека на место викано „Поранешна касарна" во Битола биле пронајдени стари гранати од Првата светска војна. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата заштита и спасување безбедно биле подигнати 31 артилериска граната калибар 75 мм.

На 31.01.2021 во 10.00 часот во Полициската станица Велес, Б.Р.(30) од Велес пријавила дека на ул.„А.Шурков" била касната од куче скитник.

На 31.01.2021 во 21.00 часот на регионалниот пат Струга-Дебар, полициски службеници од ОВР Дебар извршиле контрола на патничко возило „сеат алхамбра", со бугарски национални ознаки, управувано од Н.С.(46) од Охрид. При претрес, во возилото биле пронајдени и одземени 140 кутии со прехранбени продукти во вкупна тежина од 700 килограми, без соодветна документација. По консултација со Јавен обвинител, возачот и еден сопатник во автомобилот биле приведени. За настанот биле информирани Државниот пазарен инспекторат и Агенцијата за храна и ветеринарство. По целосно документирање на настанот, ОВР Дебар ќе поднесе соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (31.01.2021) спроведе акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возило под дејство на алкохол. Вкупно на територијата на целата држава се санкционирани 65 возачи, од кои најмногу на територија на СВР Битола -12 и СВР Велес и СВР Куманово по 10. Засилените контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 31.01.2021 околу 19.30 часот во с.Батинци, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.С.(18) од с.Батинци, затоа што не поседувал документи за патничкото возило „форд", со италијански национални ознаки. Исто така, од слобода биле лишени и С.Н.(28), А.Б.(38) и Н.Н.(26), сите од с.Батинци, затоа што се однесувале агресивно кон полициските службеници при приведувањето на М.С.. Тие биле приведени во Полициската станица Драчево и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.01.2021 во 20.20 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(26) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.П.(58) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ј.С.(45) од Велес, вработен во фирма од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување или уништување на деловни книги". Ј.С. во текот на 2020 година изготвил нет повратници за вратени производи во производствен сектор, кои бил должен да ги завери со свој потпис и потпис за прием на работникот (примачот). Производите не ги вратил во производство и при проверка на документација од финансиски сектор на фирмата било утврдено дека ги нема на залиха во магацинот, со што ја оштетил фирмата за сума од 449.253 денари.

На 31.01.2021 полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(20) од Скопје, затоа што на ул.„Петар Делјан" во Скопје бил затекнат при обид за обљуба врз 38-годишна жена од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.01.2021 околу 20.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во семејниот дом на ул. „Вера Џиривир" во Велес настанала физичка пресметка помеѓу И.Е.(59) и Е.Е.(56), брака од Велес, при што И.Е. употребил дрвен предмет и му нанел повреди на Е.Е.. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Љ.Т.(41) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 26.01.2021, полициски службеници од СВР Велес извршиле претрес во неговиот дом, при што пронашле и одзеле марихуана, хашиш, амфетамин, мешавина од марихуана и тутун, дигитална вага и пари.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против В.Ѓ.(28) од с.Баница, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „подведување и овозможување полови дејствија" и против С.Т.(24) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „подведување и овозможување полови дејствија" и „производство и дистрибуција на детска порнографија". В.Ѓ. во текот на летото 2019 добил понуда од С.Т. да му овозможи средба со малолетничка во напуштен локал во трговски центар, каде што В.Ѓ. извршил обљуба над оштетената, а С.Т. со мобилен телефон го снимал настанот.

На 31.01.2021 во СВР Битола било пријавено дека ноќта на 30/31.01.2021 во магацин на фирма од Скопје, на ул.„Краварски пат" во Битола, непознат сторителот со употреба на сила влегол и одзел повеќе производи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Н.(25) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 10.08.2020 во Охрид, при обид на полициски службеници да го легитимираат, пријавениот почнал да бега и фрлил таблети МДМА. Тој бил лишен од слобода, а таблетите биле пронајдени и одземени.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.И.(38) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 15.05.2020 во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го забележале С.Ѓ.(36) од Охрид, кој од патничко возило „фолксваген голф", управувано од А.И., земал пакување со хероин, кое при извршен преглед кај него било пронајдено од полициски службеници.

На 31.01.2021 во 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложувалница на подрачјето на Аеродром две лица со закана од вработениот одделе пари. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ј.М.(46) од с.Сарај, општина Василево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје, пиротехнички средства и распрскувачки материи". На 25.12.2020 во Струмица, полициски службеници извршиле преглед на товарно возило ,,форд транзит", сопственост на Ј.М., при што пронашле и одзеле разновидни пиротехнички средства.

На 31.01.2021 во 19.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, У.Ф.(50) од Скопје пријавил дека Д.И.(12) се оддалечил од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 31.01.2021 околу 21.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложувалница на ул.„50 дивизија" во Скопје едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.З.(52) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 27.01.2021, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и на возилото во кое се превезувал, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против У.Н.(44) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи од безбедноста". На 26.01.2021 во Охрид, пријавениот физички нападнал полициски службеник.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет